МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Бр. 11-5061/4 од 19. 11. 2018 год.

Врз основа на член 119 став (1) а во врска со член 134 став(2) од Законот за животна средина ("Службен весник на Република Македонија" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 39/16) министерот за животна средина и просторно планирање го донесе следново:

# РЕШЕНИЕ

За одземање на А –Дозвола за усогласување со оперативен план, на операторот Т.Д ИГМ Џумајлија с. Сарамзалино, Лозово

1. А- Дозволата за усогласување со оперативен план, на операторот Т.Д ИГМ Џумајлија с. Сарамзалино, Лозово, бр.11-3779/5 од 02.04.2014год. се одзема.

## Образложение

Правниот субјект Т.Д ИГМ Џумајлија с. Сарамзалино, Лозово носител на А-Дозвола за усогласување со оперативен план бр.11 – 3779/5 од 02.04.2014год. согласно процедурата за интегрирано

спречување и контрола на загадувањето, има обврски и задолжувања кои треба да ги реализира во прдвиден рок, редовно да доставува годишни извештаи, да известува за измени во инсталацијата, вклучително како во случајот: за превземање на инсталацијата од страна на друг оператор.

Правниот субјект Т.Д ИГМ Џумајлија с. Сарамзалино, Лозово во определен рок не постапил по насоките дефинирани во А – дозволата за усогласување со оперативен план, односно инсталацијата е превземена од друг оператор, иако нема промена на називот на правниот субјект, без притоа да се достави известување и заедничко барање за пренос на дозволата на новиот оператор. Воедно, инсталацијата, во периодот од 2015 до 2017 год. не била оперативна, повторно без да се достави известување за прекин на производството. На 31.07.2018год. спроведен е увид во инсталацијата, во присуство на државен инспектор за животна средина, и притоа е констатирана горенаведената фактичка состојба, записник бр.ИП1 1761

Со оглед на тоа што операторот Т.Д ИГМ Џумајлија с. Сарамзалино, Лозово:

-извршил измени на инсталацијата, без да добие дозвола од органот на државна управа надлежен за работите од областа на животната средина и

-активноста не ја врши во обем и во време утврдено во А-ДУОП;

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Министерството за животна средина и просторно планирање во согласност со член 119 став (1) од Законот за животна средина одлучи за донесување на Решение за Одземање на А – Дзовола за усогласување со оперативен план.

Имајќи го предвид погоре изнесеното се донесе решение како во диспозитивот

Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатсво за правното средство: Против ова решение може да се изјави жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од приемот на Решението таксирана во износ од од 250 денари, административна такса во готови пари на уплатата сметка 840 xxx 031 61 во рамките на трезосрката сметка.

МИНИСТЕР
Sadulla Duraki

Изработил::
Светлана Глигорова
Контролирал: Фатос Балиу
Одобрил: Назим Алити
Согласен: Директор на управа за животна средина
Xhezmi Saliu